РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1806/3
22-10-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------ од ------до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 39-тата седницата одржано на 19.10.2020 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ---------------- на 22.04.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1806/1 од 22.04.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот предмет од причина што наводите во пријавата во предметниот случај се во надлежност на друг орган (Судскиот совет на Р.Северна Македонија). Предметот со придружната документација да се достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Р. Северна Македонија.

Предметот број 12-1806/1 од 22.04.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1806/1 од 22.04.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител --------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за непрофесионално и нестручно работење на Наке Георгиев од Струмица, судија на Врховен суд на Р. Северна Македонија , кој на сеницата одржана на 04.03.2020 година во својство на Претседател на советот на Апелациониот суд во Штип донел и своерачно потпишал Решение Гж.бр. 202/20 од 04.03.2020 година со кое жалбата изјавена од должникот ----------- се одбива како неоснована, а решението на Основен суд Штип се одделение во Пробиштип ППНИ 8/20 од 06.02.2020 година се потврдува. Апелациониот суд во Штип, како што се наведува во пријавата, не ја земал во предвид Пресудата на исиот суд Ксж бр. 147/19 од 29.01.2020 година со која жалбата изјавена од лицето ------------ се уважува, а пресудата на Основниот суд Штип се укинува.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и целокупната приложена документација, а при тоа имајќи ја во предвид законската надлежност на Судскиот совет на Република Северна Македонија утврдена во членот 36 став 1 алинеа 15 од Законот за Судскиот совет на Р. Северна Македонија каде е стои дека Советот постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата во предметниот случај се во надлежност на постапување на Судскиот совет на Р. Северна Македонија, поради што ДКСК заклучи дека елементи за нејзино надлежно постапување и предметот да се затвори и архивира. Предметот со придружната документација да се достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Р. Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**